**Здружение на угостителството и туризмот**
**Стопанска комора на Македонија**
**13.2.2017 година**

# СООДВЕТНА ПРОМОЦИЈА НА МАКЕДОНСКИТЕ ТУРИСТИЧКИ ДЕСТИНАЦИИ - УСЛОВ ЗА РАСТ НА ТУРИЗМОТ

По повеќе од 6 години колку што трае политиката на субвенционирање, за која од 2010 до 2017 година ќе бидат исплатени 11,9 милиони евра и позитивниот нагорен тренд на бројот на туристи и реализираните ноќевања во земјава, Здружението на угостителството и туризмот при Стопанската комора на Македонија, констатира дека досегашната политика за поддршка и промоција на секторот на државно ниво дава резултати, од аспект на раст на вкупниот број на туристи, со акцент на странките гости.

Сепак, согласно годишните индикатори кои ги обработува Заводот за статистика, се констатира дека, просечно туристите остануваат по помалку од 3 ноќи во Македонија, 91,2% од странските туристи престојуваат во Хотелите во земјава. Нето-стапка на искористеност на леглата во хотелите и во слични капацитети на годишно ниво е 22,99%.

| **Годишни Поважни индикатори 2015** | |
|---|---|
| Просечен број на ноќевања вкупно во однос на вкупниот број на туристи | 2,93 |
| Учество на странските туристи во хотели во вкупниот број на доаѓања на странски туристи, во % | 91,2 |
| Учество на ноќевањата на странските туристи во хотели во вкупниот број на ноќевања на странски туристи, во % | 90,2 |
| Нето-стапка на искористеност на леглата во хотелите и во слични капацитети Во месеците од јануари до март и ноември – декември, искористеноста е под 15%. Најголема искористеност во 07, 08 и 09 месец од 30% до 39%. | 22,99 |
| Нето-стапка на искористеност на собите во хотелите и во слични капацитети Во месеците од јануари до март и ноември – декември, искористеноста е под 26%. Најголема искористеност во 07, 08 и 09 месец од 50% до 58%. | 37,18 |

Извор: Завод за статистика

Согласно статистичката евиденција, над 70% од туристите престојуваат во хотелите во Македонија и тоа 23,6% во хотели со 5*, 43,2% во хотели со 4* и 22,1% во хотели со 3*. Статистиката исто така покажува континуирано секоја година се намалува бројката на туристи што престојуваат во хотели со две и една ѕвезда, информираше на денешната прес конференција Даниела Михајловска Василевска од Стопанската комора на Македонија.

Според капацитетите за сместување во Македонија се констатира исто така раст на бројот на хотели со 3 и повеќе ѕвезди и намалување на објектите со помалку од две ѕвезди.

**Капацитети за сместување според видовите деловни единици**

**БРОЈ НА СОБИ**

| | 2011 | 2015 |
|---|---|---|
| **ВКУПНО** | **26448** | **27 812** |
| Хотели, вкупно | 6 110 | 7 749 |
| Хотели***** | 833 | 1 258 |
| Хотели**** | 1 719 | 2 588 |
| Хотели*** | 1 522 | 1 956 |
| Хотели** | 1 088 | 1 141 |
| Хотели* | 948 | 806 |

Извор: Завод за статистика

**БРОЈ НА ЛЕГЛА**

| | 2011 | 2015 |
|---|---|---|
| **ВКУПНО** | **69737** | **72 021** |
| Хотели, вкупно | 13317 | 17 003 |
| Хотели***** | 1488 | 2 513 |
| Хотели**** | 3715 | 5 363 |
| Хотели*** | 3474 | 4 514 |
| Хотели** | 2393 | 2 729 |
| Хотели* | 2247 | 1 884 |

Извор: Завод за статистика

**Здружение на угостителството и туризмот**
**Стопанска комора на Македонија**
**13.2.2017 година**

Согласно изнесените статистика, но и движењата на светскиот туристички пазар, Македонија се уште има слободни капацитети да ги прими туристите кои бараат нови и различни дестинации, а има и интерес за подобрување на условите и модернизирање на хотелите согласно трендовите кои постојат во светот, пред се од аспект на категоризацијата на објектите.

Во согласност со актуелната политиката на поддршка на туризмот на државно ниво, членките на Здружението на угостителството и туризмот при Комората сметаат дека има простор и можности да се привлечат повеќе туристи во следниот период, но потребно е да се направат одредени **промени** во начинот на кој се презентира земјата на меѓународните саеми како туристичка дестинација пред потенцијалните партнери, светски познатите тур оператори и локални агенции и оператори од конкретни земји кои имаат интерес да носат туристи во Македонија, што како крајна цел има раст на странските туристи по број и реализирани ноќевања.

Освен севкупна промоција на земјата, членките на Здружението при комората, констатираат дека во интерес на правните субјекти е Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот да обезбеди и организира и други активности кои ќе бидат во насока на поддршка на домашните правни субјекти, со акцент на неколку сегменти, информираше Асим Меџедович, член на Здружението на угостителството и туризмот, кој посочи дека во следниот период Агенцијата ќе треба да:

1. Да овозможи и организира директно поединечно претставување на македонските тур оператори, туристички агенции и другите учесници кои се јавуваат како учесници на саемите на заедничкиот штанд со Агенцијата, со Сведските тур оператори Thomas Cook, TUI , Corendon и др. во организација на презентации и промоции на клучните луѓе од мрежата на овие тур оператори за вклучување на останатите земји од нивната мрежа.
2. Активна комуникација меѓу АППТ, амбасадите и економските промотори во организацијата на средби и презентации со потенцијални тур оператори заинтересирани за Македонија како туристичка дестинација вклучувајќи го директно приватниот сектор и здруженијата на тие настани.
3. Најмалку 1/3 од закупениот простор на македонскиот штанд да се обезбеди за Здружението на угостителството и туризмот при Стопанската комора на Македонија и за ХОТАМ, со можност доколку постои интерес и некои од општините да имаат вакви поволности.
4. Членките на Здружението на угостителството и туризмот при комора кои имаат интерес за одредени саемски манифестации да може да пратат свој претставник и материјали на коморскиот дел од штандот.
5. На дел од саемите да се вклучат и Авто кампoвите со дизајн и материјали.

Здружението на угостителството и туризмот при Комората исто така констатира дека е потребно:

- Упростување на документите потребни за субвенции.
- Доследна и навеверемена евалуација односно обработка на документите за субвенции според правилникот за субвенционирање.
- Навремена исплата на субенциите.

Во таа насока, се иницира и потпишување Меморандум за соработка помеѓу Здружението на угостителството и туризмот при Стопанската комора на Македонија и Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот со кој подиректно ќе се дефинираат условите и активностите кои би се преземале во насока на поддршка на бизнис секторот

**Здружение на угостителството и туризмот**
**Стопанска комора на Македонија**
**13.2.2017 година**

со крајна цел зголемување на нето девизниот ефект од дејноста како и поголемо учество на туризмот и угостителството во вкупната домашна економија.

Според податоците објавени од Заводот за статистика за 2016 година, во периодот јануари - декември, во однос на истиот период од претходната година, бројот на туристите е зголемен за 5.0%. Бројот на ноќевањата е зголемен за 2.8%.

| **Доаѓања и ноќевања на туристи, 2010-2016** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Година** | **Доаѓања на туристи** | | | **Ноќевања на туристи** | | |
| | **Вкупно** | **домашни** | **странски** | **вкупно** | **домашни** | **Странски** |
| 2014 | **735 650** | 310 336 | 425 314 | **2 195 883** | 1 273 370 | 922 513 |
| 2015 | **816 067** | 330 537 | 485 530 | **2 394 205** | 1 357 822 | 1 036 383 |
| 2016 | **856 843** | 346 359 | 510 484 | **2 461 160** | 1 407 143 | 1 054 017 |

Извор: Завод за статистика

И 2016 година, најбројни биле туристите од Турција, а најмногу ноќевања реализирале туристите од Холандија. Помеѓу 10-те земји од каде најмногу доаѓаат туристи во Македонија традиционално остануваат и Србија, Хрватска, Албанија, Косово, Германија, Бугарија, Полска и Грција.

ДОАЃАЊА НА ТУРИСТИ, СПОРЕД ЗЕМЈАТА НА ПРИПАДНОСТ

| **Ред. број** | | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **ВКУПНО** | **647 568** | **663 633** | **701 794** | **735 650** | **816 067** | **856 843** |
| 1. | Турција | 39 251 | 50 406 | 68 124 | 63 567 | 90 857 | 105 738 |
| 2. | Србија | 35 692 | 36 530 | 38 127 | 41 013 | 43 613 | 50 145 |
| 3. | Грција | 45 509 | 43 976 | 46 184 | 42 677 | 38 829 | 40 504 |
| 4. | Холандија | 22 219 | 27 121 | 25 542 | 26 111 | 32 217 | 24 804 |
| 5. | Бугарија | 18 541 | 19 815 | 20 914 | 26 480 | 29 314 | 36 982 |
| 6. | Албанија | 13 614 | 13 412 | 16 982 | 17 561 | 18 493 | 20 862 |
| 7. | Германија | 9 822 | 11 306 | 13 065 | 15 542 | 17 939 | 17 067 |
| 8. | Полска | 6 758 | 7 490 | 12 980 | 15 972 | 17 054 | 12 268 |
| 9. | Хрватска | 13 885 | 13 939 | 12 722 | 15 392 | 15 135 | 13 318 |
| 10. | Косово | 9 829 | 9 613 | 11 887 | 11 000 | 13 950 | 17 070 |

НОЌЕВАЊА НА ТУРИСТИ, СПОРЕД ЗЕМЈАТА НА ПРИПАДНОСТ

| **Ред. број** | | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **ВКУПНО** | **2 173 034** | **2 151 692** | **2 157 175** | **2 195 883** | **2 394 205** | **2 461 160** |
| 1. | Холандија | 112 309 | 145 280 | 126 972 | 128 121 | 169 413 | 127 535 |
| 2. | Турција | 64 467 | 80 991 | 104 926 | 97 097 | 135 255 | 152 748 |
| 3. | Србија | 72 601 | 71 153 | 74 076 | 76 630 | 85 042 | 93 782 |
| 4. | Грција | 77 651 | 73 018 | 80 650 | 74 371 | 64 176 | 66 654 |
| 5. | Бугарија | 35 152 | 38 551 | 40 473 | 48 862 | 52 748 | 63 305 |
| 6. | Албанија | 35 916 | 34 707 | 40 671 | 42 067 | 39 086 | 61 461 |
| 7. | Германија | 22 222 | 26 120 | 30 335 | 33 047 | 37 270 | 25 979 |
| 8. | Полска | 13 730 | 18 119 | 29 990 | 38 094 | 36 126 | 29 593 |
| 9. | Хрватска | 28 531 | 28 574 | 26 169 | 31 796 | 30 770 | 26 757 |
| 10. | Косово | 24 265 | 22 727 | 28 113 | 25 356 | 28 690 | 34 379 |

**Даниела Михајловска Василевска**